**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| J4 | ЈАВНА ЧИСТОТА | 4.074.000 | 3.630.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.630.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| J40 | ЈАВНА ЧИСТОТА | 4.074.000 | 3.630.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.630.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.074.000** | **3.630.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.630.000** |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 3.900.000 | 3.450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450.000 |
| | 425 Договорни услуги | 174.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| J40 | ЈАВНА ЧИСТОТА | 4.074.000 | 3.630.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.630.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.074.000** | **3.630.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.630.000** |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 3.900.000 | 3.450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.450.000 |
| | 425 Договорни услуги | 174.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |

15

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| J6 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И МОСТОВИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАКАЈОТ | 2.280.000 | 2.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| J60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАшТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИшТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАКАЈОТ | 2.280.000 | 2.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.280.000** | **2.250.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.250.000** |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 2.280.000 | 2.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 |
| J60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАш ТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИшТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАКАЈОТ | 2.280.000 | 2.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.280.000** | **2.250.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.250.000** |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 2.280.000 | 2.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.250.000 |

16

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| JE | ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ | 1.372.082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| JEA | ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ.ПАРТИЗАНСКА ВО БЕРОВО | 1.372.082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.372.082** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 1.372.082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JEA | ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ.ПАРТИЗАНСКА ВО БЕРОВО | 1.372.082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.372.082** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 1.372.082 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

21

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| JF | ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 100.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| JF0 | ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 100.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **100.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 100.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| JF0 | ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 100.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **100.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 100.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |

22

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| JG | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 5.319.000 | 7.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.052.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| JG0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 5.319.000 | 7.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.052.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **5.319.000** | **7.052.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.052.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 5.319.000 | 7.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.052.000 |
| JG0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 5.319.000 | 7.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.052.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **5.319.000** | **7.052.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.052.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 5.319.000 | 7.052.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.052.000 |

23

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
### Ниво на: СТАВКА

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **445.449.000** | **162.138.592** | **27.008.000** | **249.973.484** | **23.903.924** | **0** | **463.024.000** |
| JI | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 9.109.531 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| JI0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 2.404.080 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| JIA | Реконструкција на уреден отворен канал за атмосферска вода на ул 23 Август во Берово | 2.848.248 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JIB | Регулација на дел од корито на отворен канал/дол во н.м.Будинарци,Општина Берово | 3.857.203 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **9.109.531** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 9.109.531 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| JI0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 2.404.080 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.404.080** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 2.404.080 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| JIA | Реконструкција на уреден отворен канал за атмосферска вода на ул 23 Август во Берово | 2.848.248 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.848.248** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 2.848.248 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JIB | Регулација на дел од корито на отворен канал/дол во н.м.Будинарци,Опш тина Берово | 3.857.203 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.857.203** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 3.857.203 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

24

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 445.449.000 | 162.138.592 | 27.008.000 | 249.973.484 | 23.903.924 | 0 | 463.024.000 |
| WA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ) | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **550.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WA0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ) | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **550.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

49

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
**Ниво на: СТАВКА**

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 445.449.000 | 162.138.592 | 27.008.000 | 249.973.484 | 23.903.924 | 0 | 463.024.000 |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 35.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 35.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **35.000** | **40.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.000** |
| 426 | Други тековни расходи | 35.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 35.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **35.000** | **40.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.000** |
| 426 | Други тековни расходи | 35.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |

50

## III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА ПЕРИОД 2026 - 2028 ГОДИНА

КАА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ВО СКЛОП НА ДОМ НА КУЛТУРАТА 'ДИМИТАР БЕРОВСКИ'-БЕРОВО

ЦЕЛ Главната цел на проектот е да се создаде динамичен и адаптабилен простор кој ќе служи како центар за собирање, учење и размена на идеи, со фокус на културата, образованието и семенарскиот туризам, што ќе придонесе за развојот на целата заедница. Односно обезбедување на платформа за организирање на културни и уметнички настани, што ќе го поттикне развојот на локалната уметничка сцена. Овозможување на простор за организирање на семинари, работилници и програми за развој на вештини, со цел подобрување на образованието и професионалните капацитети во заедницата. Привлекување на бизниси и инвеститори преку организирање на настани за соработка и вмрежување, работилници и конференции, што може да помогне во развојот на локалниот бизнис сектор, а особено во развојот на туризмот преку создавање на атрактивен простор за настани кој ќе привлекува туристи и посетители, а со тоа ќе се зголеми и посетеноста на регионот. Со реализацијата на просторот ќе се овозможи и достапност со кое ќе се задоволат потребите на различни целни групи пред се на малдите лица, а особено вклучувајќи ги маргинализираните групи и лицата со попреченост.

| Категорија | | Извор на финансирање | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **54.249.063** | **61.105.754** | **0** |
| | | БУЏЕТ | 54.249.063 | 61.105.754 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО** | **54.249.063** | **61.105.754** | **0** |

1

Член 4

Буџетот на општината за 2026 година влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Берово", а ќе се применува од 1 јануари 2026 година.

Совет на Општина Берово

Бр.09 – 4611 /1 Претседател

25.12.2025 год. Владко Шахпаски

*******************

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*
*Кон Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2026 година*

Со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2026 година се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општина Берово, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа Одлука за извршување на Буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на Општина Берово со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така, со наведентата Одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од Буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеци, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во Буџетот на и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, Буџетот на Општина Берово се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2026 година**

Се објавува **О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2026 година** со Бр.09-4612/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/11 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 90 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/20 и 172/21), одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, синдикална организација на синдикат на УПОЗ во општина Берово и општина Берово со бр.03-4135/1 од 28.11.2022 година и Општиот колективен договор ( Службен весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 год.), Советот на Општина Берово на 5 –та седница одржана на 25.12.2025 година донесе:

## О Д Л У К А
## за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2026 година

Член 1

Буџетот на Општина Берово за **2026 година** (во натамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности;
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Буџетот на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби

на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот на Општината.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до **15-ти ноември** во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства во Буџетот на ниво на ставки во рамките на потпрограма и Буџет не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на Буџетот не можат да се зголемат со прераспределби за повеќе од **10%.**

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на заеми, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие Буџети кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средства во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот односно бруто платите се утврдуваат:

- на избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, а основица за пресметување на плата е просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година според податоците на Државниот завод за статистика;

- на административните/државните службеници бруто платата ќе се исплатува согласно закон и согласно колективните договори;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на општината;

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно „ Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во Општина Берово и сите измени и дополнувања на истиот и согласно колективните договори.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниот начин:

- Средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката дотации на локалните јавни установи (903);
- Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ( копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства, доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од **50%** од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

На Претседателот на Советот,за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за **30%** од утврдениот надоместок во став 1 од овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за **30%** за секое отсуство од седница на Советот на општината.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува,доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку Советот на Општината во тековниот месец нема одржано седница.

Член 13

Вработените имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700,00 денари и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница **(350 денари)** и од 12,01 мин. – 24 часа цела дневница **(700 денари)** и 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата .

За службените патувања со странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 14

Вработените имаат право на регрес за годишен одмор од **70%** од износот на просечната нето плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма **Е0** – Општинска администрација, Програма **Д0** – Градоначалник и Програма **Ѓ0** – Противпожарна заштита, расходно конто **404110** – **Надомест за годишен одмор** на основа на донесено решение од Градоначалникот.

Член 15

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма **Е0** – Општинска администрација и **Ѓ0** – Противпожарна заштита, расходно конто – **464990 –** Разни трансфери.

Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината ќе се врши од Програма Е0 – Општинска

администрација и Ѓ0 – Противпожарна заштита, расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Надоместокот на отпремнина за пензионирање на вработените во локалните јавни установи , ќе се исплатува од соодветната потпрограма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464940 - трансфери при пензионирање.

Исплатата на надоместокот за отпремнина за пензионирање ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 19

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта,односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во Програма **Е0 –** Општинска администрација и **Ѓ0** – Противпожарна заштита, расходно конто **464990 – Други трансфери**.

Средствата за овие намени за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464990 – Други трансфери.

На работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 20

Во согласност со Колективен договор на општината, за непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години кај работодавачот. Висината на јубилејната награда изнесува:

- за 10 години – 100%,
- за 20 години – 110%,
- за 30 години – 120% и
- за 40 години – 130%

од основицата од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото.

Исплатата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма Д0 – Градоначалник, Е0 – Општинска администрација и Ѓ0 – Противпожарна заштита расходно конто 464990 – Други трансвери на основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно колективен договор.

Во согласност со Општиот колективен договор, вработените во

локалните јавни установи од образованието и социјалната заштита – домови за стари лица имаат право на јубилејна награда за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:

- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;
- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;
- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и
- 200% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.

Средствата за исплата на јубилејни награди за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464990 – Други трансфери.

Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во последните 12 месеци.

На останатите локални јавни установи од областа на културата и заштитата на детето, јубилејните награди на вработените ќе им се исплаќаат согласно одредбите од Колективните договори кои ги имаат склучено на ниво на работодавач односно на ниво на гранка.

Член 21

Средствата утврдени во Програмата Г1 - Поддршка на локалниот економски развој, потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации врз основа на поднесени барања и проекти кои овозможуваат развој на локалната заедница.

За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000,00 денари, одлучува Градоначалникот, додека за поголеми износи одлучува Советот на Општината.

Градоначалникот во писмена форма доставува до Советот информација по истекот на секој квартал за висината на средствата кои се дадени и називот на субјектот.

Член 22

За првото дете кое ќе се роди на територијата на општина Берово ќе се врши исплата на 15.000,00 ден. од потставка 464990 – Други трансвери, **Програма В3 –** Социјална заштита согласно програмата од областа на социјалната заштита.

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 7.000,00 ден. од потставка 464990 – Други трансвери, **Програма В3** – Социјална заштита, согласно програмата за социјална заштита.

За најдобрите ученици во средното образование ќе се врши исплата на стипендии од потставка **464990** – Други трансвери, **Програма Н2** – Средно образование согласно програмата од областа на образованието.

За учениците од прво одделение, основно образование и прва година, средно образование ќе се врши исплата на 5.000,00 денари од потставка – **464990** – Други трансвери, **Програма Н1 – Основно образование** согласно програмата од областа на образованието.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии врз основа на барање од локалната јавна установа до надлежното Министерство за потребата од вработување со соодветна пропратна документација.

Член 25

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите кои се уплатени, а до колку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општина Берово за 2026 година се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4612/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО**

**за 2026 година**

Се објавува **БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година** со Бр.09-4613/1 што Советот на Општина

Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/12 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

********************

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Берово на 5 - та седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе:

**Предлог - БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА БЕРОВО за 2026 година**

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| **30-ти септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РС | *Министер за финансии* | *Закон за буџети*<br>*Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **октомври** | - Градоначалникот и раководителите на одделенијата вршат анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните фактори во општината со цел утврдување на потребите (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности и ги одредуваат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната година<br>- Се доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиските планови | *Градоначалник*<br>*Раководители на одделенија*<br>*Општински буџетски корисници* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |
| **20-ти октомври** | Изготвување и достава на Предлог-план на програми за развој до Советот на општината | *Раководители на одделенија* | *Закон за буџети* |
| **Ноември** | - се усогласуваат аналитичките информации со целите, приоритетите и активностите на секој од општинските одделенија и нивно презентирање на буџетски форум со граѓаните на неколку последователни сесии и избор на проект/и кои ќе бидат дел од Предлог-Буџетот на општината.<br>- организирање на форум | *Градоначалник*<br>*Совет на општината* | *Закон за буџети*<br>*Статут на општина* |
| **15-ти ноември** | Се финализираат,разгледуваат и усвојуваат Планот на програми за развој и Годишните програми за наредната фискална година | *Совет на општината* | *Закон за буџети* |
| **крај на ноември** | - Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината и го споделува со јавноста<br>- Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани и доколку има издржана сугестија истата се имплементира пред доставување на Предлог - Буџетот до Советот на општината | *Одделение за финансиски прашања*<br>*Градоначалник*<br>*Совет на општина*<br>*Јавна расправа* | |
| **декември** | - Градоначалникот го доставува конечниот Предлог - Буџет до Советот<br>- Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | *Градоначалник*<br>*Комисија за финансирање и буџет* | |
| **крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар<br>- Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | *Совет на општина* | *Закон за финансирање на ЕЛС* |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Берово за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4613/1 Совет на Општина Берово
25 .12.2025 г. Претседател
Берово Владко Шахпаски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2026 година

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2026 година со Бр.09-4614/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/13 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 90 од Статутот на Општина Берово (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.13/02,18/07,30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 25.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово.

Член 2

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот.

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на стапување во сила на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово за 2026 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4614/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2026 година

Се објавува О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2026 година со Бр.09-4615/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/14 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23 ), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2026 година

Член 1
Со оваа одлука, Советот на Општина Берово го продолжува работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово, во согласност со годишните програми на Општина Берово за 2026 година.

Член 2
Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 3-ти јануари;
- 5-ти и 6-ти и 7-ми јануари;
- 17-ти и 18-ти јануари;
- 30 април 1 мај и 2 мај;
- 22- ри, 23-ти и 24- ти мај;
- 1-ви и 2-ри август;
- 7-ми и 8-ми август;
- 14-ти и 15-ти август;

- 7-ми септември;
- 10-ти и 11-ти октомври;
- 23-ти и 24-ти октомври;
- 7-ми декември.

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите:

- 11-ти и 12-ти април;
- 15-ти мај;
- 21-ви, 22-ри и 23-ти август;
- 27-ми и 28-ми и 29-ти август.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4615/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**Дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година**

Се објавува **Дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година** со Бр.09-4616/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/15 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), во врска со член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 30/09, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), согласно Програма за развој „МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ВО СКЛОП НА ДОМ НА КЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ"-Берово, бр.14-3561/1 од 06.10.2025 година и Заклучок за одобрување на План на програми за развој на општина Берово, бр.09-3620/1 од 13.10.2025 година и Договор за користење на финансиски средства, склучен помеѓу Министерство за култура и туризам и Општина Берово, заверен во Министерство за култура и туризам со број 50-7138/1 од 22.07.2025 година и наш број 03-2781/1 од 17.07.2025 година, Советот на општина Берово на 5-та седница одржана на - 25.12.2025 година, донесе:

**Дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година**

Член 1

Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2025 година, бр.09-4175/1 од 18.12.2024 година и Измена на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2025 година , бр.09-4029/1 од 13.11.2025 година, се дополнува во табеларниот приказ со нов дел:

ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА ПРЕКУ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

Член 2

Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2025 година, бр.09-4175/1 од 18.12.2024 година и Измена на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2025 година 09-4029/1 од 13.11.2025 година, во делот:

IV ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ НАСТАНИ ОД КУЛТУРАТА,

Табелата се дополнува со нов дел:

| ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА ПРЕКУ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ со оваа активност се поддржуваат капитални инвестиции од областа на културата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Празници, манифестации, настани и инвестиции | Активности | Носители на активноста | Извори на средства | |
| | | | ЕЛС | Други извори |
| | | | | |
| | | | | |
| Реализација на проект „Мултифункционална сала во склоп на дом на култура „Димитар беровски“-Берово“ | Реализација на активности предвидени во проектот | Општина Берово Министерство за култура и туризам | 24.940.592,00 | 90.414.225,00 |

Кино салата во склоп на Домот на култура „Димитар Беровски“ Берово се наоѓа во централното градско подрачје, сместена на улица „Маршал Тито“. Кино салата, во која до пред околу 25 години беше функционална и во неа се прикажуваа филмови, се одржуваа значајни приредби од забавниот и културниот живот во општина Берово, во моментот се наоѓа во многу лоша состојба и истата не може да се користи. Од тие причини општина Берово нема простор каде што ќе можат да се одржуваат културни манифестации, јавни настани, приредби, конференции, трибини и други настани.

Општина Берово, согласно Договор за користење на финансиски средства, склучен помеѓу Министерство за култура и туризам и Општина Берово, заверен во Министерство за култура и туризам со број 50-7138/1 од 22.07.2025 година и наш број 03-2781/1 од 17.07.2025 година, Програма за развој „МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ВО СКЛОП НА ДОМ НА КЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ”-Берово, бр.14-3561/1 од 06.10.2025 година и Заклучок за одобрување на План на програми за развој на општина Берово, бр.09-3620/1 од 13.10.2025 година, усвоен од Совет на општина Берово, ќе започне со реализација на Проектот „МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА САЛА ВО СКЛОП НА ДОМ НА КЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ”-Берово.

Со проектот се предвидува изградба на модерен и современ енергетски ефикасен објект, за сценска и културна дејност, за одржување на различни настани, набавка на модерна и современа аудио- визуелна опрема, како и сценска и техничка опрема за филмски проекции, презентации, концерти, конференции, театарски престави и слично.

Проектот е одобрен, во рамки на вториот повик на Влада на РСМ, за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на

инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година. Вкупната проектирана вредност е 115.354.817,00, од кои од Влада на РСМ се одобрени 90.414.225,00 денари, а од Буџетот на општина Берово согласно Развојната програма се предвидени 24.940.592,00 денари.

Член 3

Вкупниот износ на распределените средства во Програмата од 7.728.000,00 денари се менува и гласи 123.082.817,00 денари.

Член 4

Ова дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година и измената на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година, влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово” и е составен дел на Програмата со бр.09-4175/1 од 18.12.2024 година и Измена на Програмата со бр. бр.09-4029/1 од 13.11.2025 година.

Бр.09-4616/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**Правилник**

**за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете**

Се објавува **Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете**со Бр.09-4617/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/16 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/2019, 47/2021 и 30/23), во согласност со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово и Годишната програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита, Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе:

**Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за секое новородено дете на територија на општина Берово.

**Член 2**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво по претходно направена процена, во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово и во Годишната Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош за новородено дете ќе се распределуваат на корисниците-баратели, според критериумот родителите на новороденото дете во календарската година да имаат регистрирано место на живеалиште и постојано престојувалиште на територија на општина Берово.

Рокот за поднесување на Барање за исплата на средства, согласно овој Правилник, е во текот на календарската година, во која е родено детето. За оние деца коишто се родени во последниот квартал од годината, рокот за пријавување и поднесување на барање за исплата на средства, е до крајот на календарската година или најдоцна до 28 февруари во следната календарска година.

За Барањата поднесени во тековната година, кои се однесуваат за децата родени во последниот квартал од претходната година, сумата која ќе се исплати ќе биде согласно Годишната програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита во која е родено детето.

Местото на живеалиште и постојано престојувалиште, се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација и со Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, дека родителите живеат и престојуваат на територија на општина Берово.

**Член 4**

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на парични средства, од потставка 464 990 – Други трансфери, Програма А0 Совет на Општина, во согласност со Годишната програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита.

**Член 5**

Подносителите на барање за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се должни да приложат:

- Фотокопија од извод од матична книга на родените за новороденото дете ;
- фотокопија од важечка лична карта на еден од родителите (барателот);
- фотокопија од трансакциска сметка;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи Штип – Берово, издадена врз основа на евиденција за

живеалиште, престојувалиште и лични карти дека родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на општина Берово и дека истите немаат пријавено престој надвор од општина Берово или надвор од Република Северна Македонија.

- ИЗЈАВА за согласност за користење на личните податоци
- Изјава потпишана од родител/старател, дека доставените документи се вистинити и податоците во нив се идентични со оние податоци внесени во електронската пријава, објавена на општинската веб страна

**Член 6**

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

За секое поднесено Барање, се изготвува записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош во кој се констатира дали барателите ги исполнуваат критериумите за доделување на еднократна парична помош за секое новородено дете.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата од став 2 на овој член е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи барателот во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не исполнува условите за доделување на еднократна парична помош, и истиот ќе биде одбиен со Решение за недоделување на еднократна парична помош, по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 од овој член.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Берово се донесува Решение за доделување на еднократна парична помош за новородено дете во рок од 60 дена од приемот и комплетирањето на барањето.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до Одделението за финансиски прашања.

Еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош од Општина Берово.

По еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до барателот и до архива на Општина Берово.

**Член 7**

Со датумот на стапување на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 - 4845/1 од 20.12.2023 година.

**Член 8**

Правилникот влегува во сила од 01.01.2026 година и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-4617/1 | Совет на Општина Берово |
| 25.12.2025 година | Претседател |
| Б е р о в о | Владко Шахпаски с.р. |

*************************

**ПРИЛОГ 1**

**До**

**ОПШТИНА БЕРОВО**

**Ул.„Димитар Влахов" бр. 10**

**2330 Берово**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новородено дете

Од ________________________________________

ул."____________________________" бр. _____ Берово

Телефонски број ___________________

Барам да ми бидат доделени средства, како еднократна парична помош, за новородено дете.

Кон барањето приложувам:

- Фотокопија од извод од матична книга на родените за новороденото дете ;
- фотокопија од лична карта на еден од родителите (барателот);
- фотокопија од трансакциска сметка;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи Штип – Берово, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични карти дека родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Берово и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Берово или надвор од Република Северна Македонија.
- ИЗЈАВА за согласност за користење на личните податоци
- Изјава потпишана од родител/старател, дека доставените документи се вистинити и податоците во нив се идентични со оние податоци внесени во електронската пријава, објавена на општинската веб страна;

Берово, ______________ год.

Барател:_______________________

Прилог 2

ИЗЈАВА
за согласност за користење на личните податоци

Јас, ________________________________, ул. _______________________ бр.____, Берово, имател на ЕМБГ _______________ , со оваа изјава давам изрична согласност Општина Берово, да ги користи, односно врши обработка на моите лични податоци, како и да ги чува во збирката на лични податоци, за потребите Општина Берово, се додека има потреба од истите, согласно

чл.10 и 11 од Законот за заштита на личните податоци„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25).

Оваа изјава ја давам доброволно.

__.____.______ година
Берово

Изјавил:________________________

**Прилог 3**

ИЗЈАВА
(ја пополнува кандидатот)

Јас________________________________________ од ____________________
(име и презиме на кандидатот), (населено место)

Со постојано место на живеење на ул. ______________________________________

бр.____________________, ЕМБГ __________________________и број на л.к. ________________

издадена _________________година,

изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците приложени во пријавата приложената документација за доделување на еднократна парична помош за новородено дете, се идентични, во целост вистинити и одговараат на мојата реална состојба.

Изјавата ја давам да послужи како доказ пред надлежната комисија на Општина Б

На ______________година.

Изјавил

Име

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

**И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А**
за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година

Се објавува **И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А** за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година со Бр.09-4618/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/17 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ БР.5/2002), а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр.84/08........163/16 и Сл.Весник на РСМ бр.174/21) и член 19 став 2 точка 12 од Статутот на Општина Берово („Сл.Гласник на Општина Берово бр.13/2, 18/07, 30/08, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та Седница на Совет одржана на 25.12.2025 год. донесе:

**И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А**

за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година

Член 1

Се врши измена на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година, со бр. 09-4171/1 од 18.12.2024 година и измена на истата бр.09-515/1, од 10.02.2025 год. , 09-1647/1 од 29.04.2025 год. , бр.09-2737/1 од 15.07.2025 год. бр.09-3013/1 од 04.08.2025 год. и бр.09-4015/1 од 13.11.2025 донесени од Советот на Општина Берово.

Член 2

Во подточка **1.5 Изработка на проекти** сумата од **1.500.000,оо ден** се менува и гласи **2.000.000,оо ден.**

Член 3

Сумата во ставката СЕ ВКУПНО од **„50.207.670,оо“** се менува и гласи **„50.707.670,оо“ денари**

Член 4

Во делот ПРИХОДИ, во точка **1. Сопствено учество** сумата од **„29.842.101,оо ден.“ се менува и гласи „30.342.101,оо ден“.**

Член 5

Останатите одредби од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година и измена на истата бр.09-515/1, од 10.02.2025 год. , 09-1647/1 од 29.04.2025 год. , бр.09-2737/1 од 15.07.2025 год. бр.09-3013/1 од 04.08.2025 год. и бр. бр.09-4015/1 од 13.11.2025 донесени од Советот на Општина Берово остануваат исти.

Член 6

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .

Бр.09-4618/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година со Бр.09-4619/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/18 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година

1. Се усвојува Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4619/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.
*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08,

20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на преставник од основачот во**
**Училишен одбор на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово**

Се објавува **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на преставник од основачот во Училишен одбор на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово** со Бр.09-4620/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/19 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24) и член 106 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), а во врска со Известувањето на Гоце Џалевски, примено во Општина Берово под број 09-4454/1 од 12.12.2025 година, Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на преставник од основачот во**
**Училишен одбор на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово**

1. За преставник од основачот Општина Берово во Училишниот одбор на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово, на негово барање се разрешува :

 - Гоце Џалевски.

2. За преставник на Општина Берово во Училишниот одбор на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово, се именува:

 - Тања Симевска Атанасова.

3. Ова Решение влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4620/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23),

Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност на Програмата за работа на
ЈПКР "Услуга" Берово за 2026 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2026 година со Бр.09-4621/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/20 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став 2 точка 29 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово"бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10,20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност на Програмата за работа на
ЈПКР "Услуга" Берово за 2026 година

1. Советот на Општина Берово дава согласност на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2026 година, усвоена од Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово со Одлука бр.02-348/3 од 11.12.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4621/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на Деветмесечен финансиски извештај
на ЈПКР „Услуга''- Берово за 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за неусвојување на Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга''- Берово за 2025 година со Бр.09-4622/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/21 ОПШТИНА БЕРОВО

25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” со бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седницата одржана на 25.12.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај
на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2025 година

1. Советот на Општина Берово го усвојува Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга’’- Берово за 2025 година, Бр.02-348/5 од 11.12.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4622/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Детален Извештај за активностите на Локалниот совет за превенција – Берово за 2022, 2023, 2024 и 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Детален Извештај за активностите на Локалниот совет за превенција – Берово за 2022, 2023, 2024 и 2025 година со Бр.09-4623/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/22 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” со бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седницата одржана на 25.12.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Детален Извештај за активностите на Локалниот совет за превенција – Берово за 2022, 2023, 2024 и 2025 година

1. Советот на Општина Берово го усвојува Деталниот Извештај за активностите на Локалниот совет за превенција – Берово за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4623/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација со Бр.09-4624/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/23 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02 и “Службен Весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.61/04……209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра од давателот ДТ СТОКОМАК ДОО Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава е за новогодишната програма која ја организира Општина Берово на ден 02.01.2026 година и се состои од:

- ✓ 100 (сто) новогодишни пакетчиња.

Член 3

Донацијата од член 2 на оваа Одлука се однесува за дечињата кои ќе ја посетат новогодишната програма која ја организира

Општина Берово на ден 02.01.2026 година на Плоштадот "Димитар Беровски" во Берово.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и донаторот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4624/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација со Бр.09-4625/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/24 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02 и "Службен Весник на РСМ" бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра од дávателот "ФД М Кеш Македонија" ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава е за новогодишната програма која ја организира Општина Берово на ден 02.01.2026 година и се состои од:

- ✓ 100 (сто) новогодишни пакетчиња.

Член 3

Донацијата од член 2 на оваа Одлука се однесува за дечињата кои ќе ја посетат новогодишната програма која ја организира Општина Берово на ден 02.01.2026 година на Плоштадот "Димитар Беровски" во Берово.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и донаторот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4625/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**О Д Л У К А**
**за давање на недвижна ствар**
**во закуп и одржување**

Се објавува **О Д Л У К А за давање на недвижна ствар во закуп и одржување** со Бр.09-4626/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/25 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24”), член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на недвижна ствар во закуп и одржување**

Член 1
Со оваа одлука се дава недвижна ствар, сопственост на Општина Берово во закуп и одржување.

Член 2
Во закуп и одржување се дава следната недвижна ствар, сопственост на Општина Берово:

- Број на катастарска парцела 846 дел 0 на ул.“Даме Груев” во Берово, Број на зграда 1, Намена Училишта и научни институции, Влез 1 ПР, (една просторија - С1), Внатрешна површина 52 $м^2$ од 573 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8307, КО Берово (просторија во објект стара Гимназија).

Член 3
Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари, сопственост на Општина Берово, формирана од Градоначалникот на Општина Берово ќе распише јавен оглас за издавање под закуп на наведената недвижна ствар од член 2 на оваа Одлука, во кој ќе се наведат условите, периодот и закупнината на недвижната ствар, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4626/1 Совет на Општина Берово

25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
ОДЛУКА
за недонесување на
О Д Л У К А
за давање на недвижна ствар во закуп и одржување на катастарска парцела 584 дел 0 на ул.“Даме Груев” во Берово, Број на зграда 1, Намена Училишта и научни институции, Влез 1, ПР, (една просторија која се состои од ДП 11 = 37м2 + К = 14м2), со вкупна внатрешна површина за сите простории од 51 $м^2$ од 262 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8307, КО Берово (просторија во објект нова Гимназија – Ацо Русковски)

Се објавува Одлука за недонесување на О Д Л У К А за давање на недвижна ствар во закуп и одржување на катастарска парцела 584 дел 0 на ул.“Даме Груев” во Берово, Број на зграда 1, Намена Училишта и научни институции, Влез 1, ПР, (една просторија која се состои од ДП 11 = 37м2 + К = 14м2), со вкупна внатрешна површина за сите простории од 51 $м^2$ од 262 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8307, КО Берово (просторија во објект нова Гимназија – Ацо Русковскисо Бр.09-4627/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/26 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

*******************

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02 и “Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24”), член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за недонесување на
О Д Л У К А
за давање на недвижна ствар во закуп и одржување на катастарска парцела 584 дел 0 на ул.“Даме Груев” во Берово, Број на зграда 1, Намена Училишта и научни институции, Влез 1, ПР, (една просторија која се состои од ДП 11 = 37м2 + К = 14м2), со вкупна внатрешна површина за сите простории од 51 $м^2$ од 262 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8307, КО Берово (просторија во објект нова Гимназија – Ацо Русковски).

Член 1

Советот на Општина Берово не ја донесе ОДЛУКАТА за давање на недвижна ствар во закуп и одржување Број на катастарска парцела 584 дел 0 на ул.“Даме Груев” во

Берово, Број на зграда 1, Намена Училишта и научни институции, Влез 1, ПР, (една просторија која се состои од ДП 11 = 37м2 + К = 14м2), со вкупна внатрешна површина за сите простории од 51 $м^2$ од 262 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8307, КО Берово (просторија во објект нова Гимназија – Ацо Русковски).

Член2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4627/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

**************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**О Д Л У К А**
**за давање на недвижна ствар**
**во закуп и одржување**

Се објавува **О Д Л У К А за давање на недвижна ствар во закуп и одржување** со Бр.09-4628/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/27 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

********************

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24"), член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на недвижна ствар во закуп и одржување**

Член 1

Со оваа одлука се дава недвижна ствар, сопственост на Општина Берово во закуп и одржување.

Член 2

Во закуп и одржување се дава следната недвижна ствар, сопственост на Општина Берово:

- О Д Л У К А за давање на недвижна ствар во закуп и одржување на катастарска парцела 2091 дел 0 на ул. "Маршал Тито" во Берово, Број на зграда 1, Намена Б4, Влез 1 кат 1 ДП (една просторија - број 1), Внатрешна површина 24 м2 од 138 м2, заведена во Имотен лист бр.8722, КО Берово (објект Бизнис Инкубатор во Берово).

Член 3

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари, сопственост на Општина Берово, формирана од Градоначалникот на Општина Берово ќе распише јавен оглас за издавање под закуп на наведената недвижна ствар од член 2 на оваа Одлука, во кој ќе се наведат условите, периодот и закупнината на недвижната ствар, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4628/1 Совет на Општина Берово
25.12.2025 година Претседател
Б е р о в о Владко Шахпаски с.р.

*************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**О Д Л У К А**

**за давање на недвижна ствар**

**во закуп и одржување**

Се објавува **О Д Л У К А за давање на недвижна ствар во закуп и одржување** со Бр.09-4629/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 25.12.2025 година.

Бр.08-4648/28 ОПШТИНА БЕРОВО
25.12.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

******************

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24"), член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 5-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на недвижна ствар**

**во закуп и одржување**

Член 1

Со оваа одлука се дава недвижна ствар, сопственост на Општина Берово во закуп и одржување.

Член 2

Во закуп и одржување се дава следната недвижна ствар, сопственост на Општина Берово:

- Број на катастарска парцела 2091 дел 0 на ул. "Маршал Тито" во Берово, Број на зграда 1, Намена Б4, Влез 1 кат 1 ДП (една просторија - број 5), Внатрешна површина 25 $м^2$ од 138 $м^2$, заведена во Имотен лист бр.8722, КО Берово (објект Бизнис Инкубатор во Берово).

Член 3

